

# Што е ИНФЛАЦИЈА?

Основна цел на Народната банка на Република Македонија е постигнување и одржување на ЦЕНОВНА СТАБИЛНОСТ. Тоа значи дека Народната банка се грижи да обезбеди стабилни цени за да не дојде до зголемување на цените, односно да не дојде до ИНФЛАЦИЈА.




ИНФЛАЦИЈАТА е негативна појава, бидејќи кога има ИНФЛАЦИЈА цените се зголемуваат, а се намалува вредноста на парите. Тоа значи дека со исти пари може да купиме помалку производи или за да го купиме истиот производ ни требаат повеќе пари.

## Пример

Ако цената за 1 тетратка во месец февруари изнесува 10 денари, за 10 тетратки ќе ни бидат потребни 100 денари. Но, ако цената за истата тетратка во месец март се покачи и изнесува 12 денари, тогаш за 10 тетратки ќе ни требаат повеќе пари или 120 денари.
Инфлацијата се пресметува за одреден временски период и се изразува во проценти (%). Во конкретниот случај цената на тетратките во однос на претходниот месец се зголемила за 20%. Еве како ќе го пресметаме процентот на инфлација:



Цена за 1 тетратка во месец февруари = 10 денари
Цена за 1 тетратка во месец март = 12 денари
Тоа значи дека треба да доплатиме 2 денари за секоја тетратка, а тоа вкупно ќе изнесува 2 x 10 = 20 денари, или од 100 – тоа е 20%.




**Што е инфлација?**
Точниот одговор на прашањево (заедно со вашето име, презиме, одделение, училиште и град) испратете го на нашата адреса најдоцна до 8 април. Тројца најсреќни ќе добијат награда, а нивните имиња ќе ги објавиме во НАШ СВЕТ бр. 29.

За прашањата објавени во записот ШТО Е ШТЕДЕЊЕ, награди добија:
**Маја Вуевска**, 6–б/9 ОУ „Војдан Чернодрински“, Скопје – касичка
**Никола Секуловски**, 7–1 ОУ „Мирче Ацев“, Скопје – паричник
**Марија Станојковска**, 7–б/9 ОУ „Никола Карев“, Пробиштип – капа

Илустрации и дизајн: Ивона Мицевска

**Што е инфлација?**

КУПОН
НАШ СВЕТ (инфлација)
ДЕТСКА РАДОСТ
ПРОСВЕТНО ДЕЛО
ул. „Димитрие Чуповски“, бр.15
1 000 Скопје

Во соработка со
**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**